РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISE SE VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ
AGJENCIA PER SHERBIME MEDIATIKE AUDIO DHE AUDIOVIZUELE
СКОПЈЕ - SHKUP

| Примено: Pranuar: | | 29.01.2024 | |
|---|---|---|---|
| Орг. Един. Nj.org. | Број: / Numer: | Прилог: Shtojce: | Вредност: Vlera: |
| 0305 | 498/1 | | |

**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 29 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16, 132/17, 168/18, 248/18, 27/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 42/20, 77/21 и 154/23), се доставува

## ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ
## ЗА ИЗВРШЕН АДМИНИСТРАТИВЕН НАДЗОР

1. **Вид надзор:** вонреден

   Врз основа на одлуката на Советот на Агенцијата од четвртата седница одржана на 25.01.2024 година, да се прифати барањето на радиодифузерот за одложување на одлучувањето за одземање на дозволата за радиоемитување.

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје

3. **Датум на извршување на надзорот:** 26 јануари 2024 година

4. **Предмет на надзорот:**

   - **Член 62 став 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**, според кој *„За обезбедување на телевизиско или радио емитување покрај условите и обврските пропишани во овој закон, радиодифузерот треба да исполнува посебни минимални технички, просторни, финансиски и* *кадровски услови* *во зависност од програмскиот формат, пропишани со подзаконски акт донесен од страна на Агенцијата“*; и

   - **Член 9 од Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување** (Пречистен текст, бр. 01-3953/1 од 31.10.2023 година), според кој *„Имателот на дозволата за радио емитување е должен во редовен работен однос да има најмалку: ...4 (четири) лица кои учествуваат во создавањето на програмата, ако има дозвола за емитување говорно или говорно-музичко радио на регионално ниво“* и *„Одговорниот уредник на програмскиот сервис треба да биде во редовен работен однос“.*

5. **Претходно изречена мерка:** Покрената е постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, врз основа на Предлог УП1 бр. 0802-15 од 12.01.2024 година.

6. **Констатации од надзорот:** Со надзорот е констатирано дека Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување.

   **Образложение:** На 09.10.2023 година, Агенцијата испрати допис (наш бр. 03-3705/1) до ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје, со кој побара во рок од 30 дена од денот на приемот на дописот да достави документи (Пријави/Одјави во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2, издадени од Агенцијата за вработување на РСМ) од коишто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во правилникот. Агенцијата се обиде да го достави дописот преку Македонска пошта во повеќе наврати, но поштата го враќаше дописот во Агенцијата.

   Поради тоа, на 07.11.2023 година Агенцијата го испрати дописот на официјалната електронска пошта на радиодифузерот што самиот ја пријавил во Агенцијата, а на 17.11.2023 година од истата електронска пошта од радиостаницата потврдија дека го примиле дописот. Рокот од 30 дена за доставување на документите истече на 17.12.2023 година. Во овој период стручната служба во повеќе наврати оствари и телефонски разговор со вработени во радиостаницата, посочувајќи им дека е нужно да ги достават документите за да се потврди дека ги исполнуваат минималните кадровски услови.

   Заклучно со 04.01.2024 година радиодифузерот не ја достави до Агенцијата потребната документација, поради што на 09.01.2024 година беше извршен вонреден административен надзор, со кој беше констатирано дека радиодифузерот не ги исполнува минималните кадровски услови. Имајќи го предвид ова, Советот на Агенцијата на својата трета седница, одржана на 15.01.2024 година, на предлог од директорот покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на овој радиодифузер.

   Радиодифузерот на 16.01.2024 година беше известен за покренатата постапка, како и дека доколку не ја достави потребната документација од којашто ќе може да се констатира дека ги исполнува минималните кадровски услови, Советот на Агенцијата, во рок од 15 дена од денот на приемот на предлогот од директорот, ќе донесе одлука за одземање на дозволата за радио емитување. Предлогот за одземање на дзоволата на овој радиодифузер Советот го разгледуваше на својата четврта седница, одржана на 25.01.2024 година, на којашто по барање на радиодифузерот и во рамки на законските рокови, донесувањето на одлуката по ова прашање го одложи за 29.01.2024 година.

   На 26.01.2024 година, ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје достави во Агенцијата Пријави/Одјави во задолжително социјално осигурување – Образец М1/М2 за четири лица (наш бр. 03-488/1 од 26.01.2024 година), од кои е видно дека во радиостаницата во редовен работен однос со полно работно време се вработени четири лица кои учествуваат во создавањето на програмата и дека одговорниот уредник на програмскиот сервис е во редовен работен однос.

– **Предлог:** Имајќи предвид дека ТРД РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје ги исполнува минималните кадровски услови утврдени во Правилникот за минимални технички, просторни, финансиски и кадровски услови за добивање дозвола за радио и телевизиско емитување, се дава следниот предлог:

  - Советот да донесе решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ХИТ ФМ ДООЕЛ Скопје.